РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Уп1 Бр. 08-148

Скопје 20.05.2022 г.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15), во врска со Предлогот Уп1 бр. 08-148 од 13.05.2022 година и Предлогот Уп1 бр.08-148 од 18.05.2022 година од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од страна на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Овластувањето бр.03-1715/1 од 15.04.2022 г., а согласно Заклучокот, арх.бр.02-2038/2 од 20.05.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 20-та седница одржана на 20.05.2022 година, донесе:

## РЕШЕНИЕ
### за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување

СЕ ЗАПИРА покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-78 од 05.01.2015 година, со Предлог Уп1 бр.08-148 од 13.05.2022 година.

## Образложение

Советот на Агенцијата на 18-та седница одржана на 16.05.2022 г., со Заклучок, арх.бр.02-1980/2 од 16.05.2022 година, го усвои предлогот Уп1 бр.08-148 од 13.05.2022 година, на Горан Радуновиќ, овластено лице од страна на Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Овластување бр.03-1715/1 од 15.04.2022 година и покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, бр.08-78 од 05.01.2015 година, поради тоа што по извршениот редовен административен надзор, во Извештајот арх.бр.05-1975/1 од 13.05.2022 г., беше констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил годишниот надоместок за дозволата за радио емитување на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во врска со тоа, од страна на Агенцијата на 17.05.2022 г. до погоренаведениот радиодифузер беше испратен Допис Уп1 бр.08-148 од 16.05.2022 г., со кој беше известен дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување. Дописот беше испратен до ТРД РАДИО ХИТ

ФМ ДООЕЛ Скопје, во писмена форма во врска со што во доставната книга на Агенцијата заведено е дека истиот е уредно примен примен на 17.05.2022 година. Исто така, цитираното известување на 17.05.2022 година беше испратено и во електронска форма на електронската адреса на радиодифузерот регистрирана како информација за контакт во Централниот регистар на Република Северна Македонија, која електронска адреса е евидентирана во регистарот на радиодифузери на Агенцијата.

На 18.05.2022 г. до Директорот на Агенцијата, од страна на Секторот за финансии и логистика, доставено е Известување арх бр.05-1975/2 од 18.05.2022 г. дека ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, на 17.05.2022 г. извршил уплата во износ од 97.049,00 (деведесетиседумилјадиичетириесетидевет) денари, со што радиодифузерот годишниот надоместок за дозволата за радио емитување го платил во целост.

Следствено на сето погоре наведено, врз основа на член 18 став 1 алинеја 22 и член 20 став 1 алинеи 1 и 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 54 став 4 и член 104 став 4 од Законот за општата управна постапка, во врска со Предлогот Уп1 08-148 од 13.05.2022 година и Предлогот Уп1 бр.08-148 од 18.05.2022 година од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од страна на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно Овластувањето бр.03-1715/1 од 15.04.2022 г., а согласно Заклучокот арх.бр.02-2038/2 од 20.05.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 20-та седница одржана на 20.05.2022 година, одлучи да ја запре покренатата постапка за одземање на дозволата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**
- ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за финансии и логистика; и
- Назначените лица во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп1.

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18).